Данило С. Јаниќевиќ, адвокат
Ненад Д. Јаниќевиќ, адвокат
Тамара Дрекаловиќ, адвокат

17.06.2024

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ

ВРСКА: ППОВ.бр. 2/24

ОСНОВЕН СУД ШТИП
ПРИМЕНО
Со 14. 06. 2024 приложи
година

ПРЕКУ:
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ДО:
АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
(ДЕЛЕГИРАНА НАДЛЕЖНОСТ)

ПРОТИВНИК- ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федрација, место на раѓање Украина 24.03.1976 година, со живеалиште на ул. Рхеиналлее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, преку полномошник Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ, адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје, бул.„Кочо Рацин“ бр.38/1-5 Скопје, телефон 02/3166629, e-mail: janicevic.advokati@gmail.com, електронско сандаче за е-достава со корисничко име: Nenad Janikjevikj

ПРЕДЛАГАЧ-ТУЖЕН:
1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, управител Верица Љуботенска ул.Ванчо Прке бр.Д2/А-9 Штип со ЕМБГ 1105955495004,e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk

ОСНОВ: НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра

ЖАЛБА

Од противникот-тужителот Владислав Михаилович Втулкин, изјавена преку полномошник адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје,
ПРОТИВ: Решението на Основниот суд во Штип ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година

Со Решение на Основниот суд во Штип ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година предлогот поднесен од туженият – предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со Пресуда на Основен суд Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со Пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година е усвоен. Дозволено е повторување на постапката П4 бр.78/15 водена пред Основниот суд Штип по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федрација против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво

за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, по основ надомест на штета, вредност 1.915.458 евра. Укината е пресудата на Основниот суд Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 година, правосилна на 03.06.2021 година и пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ.бр.205/21 од 03.06.2021 година.

Примерок од ова решение полномошникот на тужителот - противникот (во натамошниот текст само противник) прими на ден 06.06.2024 година.

Незадоволен од ова решение противникот преку својот полномошник во законскиот рок од 15 дена по приемот на истото, ја изјавува оваа жалба поради погрешна примена на материјалното – процесното право, со предлог повисокиот суд по разгледување на жалбата, наводите во истата и списите по предметот, а согласно чл. 370 т.3 од Законот за парничната постапка (во натамошниот текст ЗПП) да го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на противникот - тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федрација, изјавена преку неговиот полномошник Ненад Јаниќевиќ адвокат од Скопје **СЕ УВАЖУВА**.

Решението на Основниот суд во Штип ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година **СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:**

Предлогот поднесен од туженият - предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со Пресуда на Основен суд Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со Пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година, како и барањето за надомест на трошоци на постапката **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият – предлагачот да му ги надомести на тужителот – противникот трошоците на постапката во вкупен износ од **679.808,00 денари** во рок од 15 дена по приемот на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Со обжаленото решение првостепениот суд уважувајќи го предлогот на предлагачот – туженият (во натамошниот текст само предлагач) за повторување на погоре цитираната постапка, правосилно завршена со наведените пресуди грубо го повредил материјалното право, во случајов процесното право, со што на противникот му се предизвикува во континуитет штета од невидени размери. Ова бидејќи првостепениот суд по трет пат носи решение за повторување на постапката правосилно завршена со погоре цитираните пресуди, односно цели три години противникот не може да си ја наплати штетата досудена со наведената правосилна пресуда донесена во постапката чие повторување се бара, а во износ од 1.915.458,00 евра токму поради овој вонреден правен лек.

Повторувањето на постапката предлагачот го поднел согласно чл.392 ст.1 т.5 и т.9 од ЗПП. По однос предлогот поднесен согласно чл.392 ст.1 т.5 од ЗПП првостепениот суд нашол дека не се исполнети законските претпоставки за повторување на постапката по овој член, а од причини наведени во обжаленото решение на страна 13.

Спротивно на ова првостепениот суд предлогот за повторување на постапката поднсен согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП го уважил бидејќи утврдил дека доказот – Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за судски вештачења претставува нов доказ во смисла на погоре цитираниот член.

Првостепениот суд утврдува дека овој доказ не е изготвен по барање на странките во постапката поради што туженият, во случајов предлагачот ниту имал можност да го достави со одговорот на тужба, а согласно чл.235 од ЗПП. Овој доказ бил изготвен за потребите на кривичната постапка па туженият односно предлагачот овој доказ како доказно средство без своја вина не можел да го предложи односно изнесе пред судот пред заклучување на главната расправа па затоа го доставил со писмен поднесок во жалбената постапка против пресудата П4 бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип. Имајќи во предвид дека со жалба не можат да се предлагаат нови докази, второстепениот суд само констатирал дека ова вештачење не е прифатено како доказ бидејќи не било доставено во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП. Поради ова првостепениот суд оценил дека овој доказ – вештаење од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски ветачења преставува нов доказ согласно чл. 392 ст.1 т.9 од ЗПП како доказно средство од кое може да се стекне уверение дека односното тврдење за некој факт е вистинито. Понатаму, првостепениот суд утврвдува дека овој доказ –Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за судски вештачења се однесува на околности, факти и причини детално наведени во образложението на обжаленото решение, кои постоеле во времето на пресудувањето во поранешната постапка и дека во истиот овој доказ се утврдени околности, исто наведени во образложението на обжаленото решение, кои би можеле да доведат до поинакво утврдување на фактичката состојба поповолна за туженият сега предлагач. Ова пред се имајќи го во предвид конкретниот спорен однос меѓу странките и фактичкиот и правен основ за кој била заведена и правосилно завршена парницата пред првостепениот суд, во ситуација кога во овој доказ е констатирано дека според книговодствената евиденција на предлагачот вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000 евра. Во ова вештачење било утврдено дека доставените дописи од ПИМ Бугарија не претставуваат финансиски докази за плаќање. Во истото ова вештачење било наведено дека во однос на плаќањето на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот, сега противникот односно тужителот, на вештачењето биле побарани банкарски изводи за извршени плаќања, но таква документација не била доставена на увид. Плаќањето на фактурите било извршено од страна на девизни сметки на ИМАКО Штип. Во истото ова вештачење било утврдено и тоа дека дописите доставени од ДЕЛЛА ТОФОЛО до тужителот и до туженият не се релевантен доказ од кој може да се констатира плаќање.

Точно е тоа дека согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП постапката што со одлука на судот е завршена правосилно, може по предлог од странката да се повтори ако странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти

или докази да биле употребени во поранешната постапка, **меѓутоа овие услови во конкретниот случај не се исполнети.** Тоа од следниве причини:

Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за судски вештачења **НЕ СОДРЖИ НОВИ ФАКТИ** врз основа на кои во смисла на чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП може да се бара повторување на правосилно завршената постапка. Ако се спореди содржината на ова вештачење со изведениот доказ – Вешт наод и мислење на вештото лице Јанка Димитрова од 12.11.2013 година, кој беше предложен од страна на туженият, во случајов предлагачот, во постапката чие повторување се бара и кој вешт наод и мислење беше изведен како доказ и ценет од страна на судовите ќе се констатира дека и двете овие вештачења содржат идентични факти.

Така на страна 26 од Вештиот наод и мислење на вештото лице Јанка Димитрова под точка 4. е наведено:

„Владислав Михаилович Втулкин од Москва – Руската Федерација, во ИМАКО ДООЕЛ според банкарската уплата од 02.12.2004 година уплатил на име зголемување на основна главнина (со шифра за уплата 510) износ од 2.475 евра, според ОДЛУКА за зголемување на основната главнина од 18.11.2004 година. Со оваа уплата тој се стекнал со 49% од основната главнина на друштвото ИМАКО ДОО Штип. **ДРУГИ ЛИЧНИ ВЛОЖУВАЊА НА ЛИЦЕТО Владислав Михаилович Втулкин од ЦЕЛОКУПНО доставената документација НЕ СЕ КОНСТАТИРАНИ.“**

Остатокот од ова вештачење се однесува на продажба и извоз на вино од страна на ИМАКО ВИНО ДООЕЛ ШТип во текот на 2005, 2006 и 2007 година на СОЈУЗ ВИНО од Русија, на МОРО и на ВМВ Хандел, што не се предмет на оваа постапка.

Во Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за судски вештачења на страна 21/28 стои: „Според договор за деловно техничка и финансиска соработка помеѓу Владислав Михаилович Втулкин од Москва (прва договорна страна) и Ристе Љуботенски од Штип (втора договорна страна) од 13.11.2004 година каде предмет на договорот е деловно техничка и финансиска соработка во производство и промет со грозје и вино Владислав Михаилович Втулкин требало да уплати 50% од вредноста на капиталот на друштвото кој капитал во моментот на склучување на договорот бил во сопственост на Ристе Љуботенски како единствен содружник. По овој основ лицето Владислав Михаилович Втулкин според доказите кои се доставени на вештачење нема извршено уплата. Лицето Владислав Михаилович Втулкин уплатил износ од 2.475 евра на сметка на ИМАКО ДООЕЛ Штип. Во опис на трансакцијата е наведено - зголемување на основачки влог по Одлука од 18.11.2004 година.“ Во истиот овој доказ на страна 26/28 стои: „Освен уплатениот износ од 2.475 евра на сметка на ИМАКО ДООЕЛ Штип од страна на лицето Владислав Михаилович Втулкин со опис на трансакција - зголемување на основачки влог по Одлука од 18.11.2004 година, докази за други вложувања во ИМАКО ДОО не се доставени.“

Значи, ако се има в предвид погоре наведеното во Вештиот наод и мислење на вештото лице Јанка Димитрова од 12.11.2013 година и во Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за судски вештачења произлегува дека не станува збор за никакви нови факти доставени сега со „новиот доказ“ цитираното вештачење од Бирото за судски вештачења.

Понатаму во Извештајот за констатирана состојба на Економско – правното биро Компанија Н.М. заведено под бр.247/13 од 10.10.2013 година, кој доказ е ценет и од првостепениот и од второстепениот суд во постапката чие повторување се бара е наведено: „Согласно потврдата од ПИМ ООД од Хасково Бугарија од 11.04.2008 година се потврдува дека Владислав Михаилович Втулкин има платено 683.341 евра за опрема за производство на вино, односно во потврдата стои дека е испорачана опрема за производство на вино во вкупен износ од 1.442.311 евра во период од 2003-2008 година, од кои 785.970 евра се платени од страна на ИМАКО Штип, а остатокот од 683.341 евра се платени од страна на Владислав Михаилович Втулкин.“ Значи според овој извештај износот на вложувања од страна на тужителот – сега противникот во наведената фирма од Бугарија изнесува 683.341 евра. За ова нешто во цитираниот извештај се наведени како докази писмо од 11.04.2008 година од ПИМ ООД од Хасково Бугарија и копија од сите царински декларации за испорачана опрема за производство на вино на ИМАКО ДОО Штип доставени од страна на тужителот – противникот.

Понатаму во цитираниот извештај исто така е наведено: „Допис од 19.11.2007 година од страна на ДЕЛЛА ТОФФОЛА СП.А Виа Фелтрина Тревисо Италија со која потврдува дека Владислав Михаилович Втулкин има платено 797.153 евра за набавка на машини и опрема кои се купени од ДЕЛЛА ТОФФОЛА од Италија од страна на Владислав Михаилович Втулкин и истите се испорачани во ИМАКО Штип.“ Значи според овој извештај износот на вложувања од страна на тужителот во наведената фирма од Италија изнесува 797.153 евра. За ова нешто во цитираниот Извештај се наведени како докази писмо од 19.11.2007 година од страна на ДЕЛЛА ТОФФОЛА СП.А Виа Фелтрина Тревисо Италија со копија на фактурите кои докази исто така биле доставени за вештачење од страна на тужителот сега противник. Според цитираниот Извештај за констатирана состојба вкупниот износ на вложувања во машини и опрема за производство на вино од страна на тужителот изнесува 1.646.794 евра.

Освен тоа, според овој Извештај за констатирана состојба тужителот односно противникот плаќал и аванси за извоз на вино, па согласно царинските декларации за период 2004-2007 година примени се аванси од 1.405.274,92 евра иако било извезено вино во износ од 1.139.111 евра, од што произлегува дека тужителот платил повеќе на име аванс отколку то требало во износ од 266.164 евра.

Овој Извештај за констатирана состојба од 10.10.2013 година под бр.247/13 е изготвен во постапка за обезбедување на докази по барање на тужителот, сега противникот, а врз основа на решение донесено од страна на првостепениот суд. Истиот е изготвен од страна на стручни лица – вештаци определени од страна на првостепениот суд кои вештаци го изготвиле овој извештај врз основа на непосреден увид во писмената документација приложена лично од странките односно сега противникот и предлагачот. Тоа што истите овие писмени докази од кои се утврдени решителните факти во извештајот за констатирана состојба, сега не се прифатени и при изготвувањето на Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за судски вештачења **НЕ ЗНАЧИ И ДЕКА СТАНУВА ЗБОР ЗА НОВ** ДОКАЗ – Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за **судски вештачења во кој се содржани нови факти**.

Ова бидејќи видно од страна 23/28 на овој Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година на Бирото за судски вештачења стои:„Во соопштението од ПИМ

Бугарија од 11.04.2008 година изготвено од таа фирма, а доставено до Владислав Михаилович Втулкин е наведено дека ПИМ Бугарија извршила извоз за ИМАКО Штип во периодот 2003-2008 година во вкупна вредност од 1.442.311 евра. Плаќањето на орпемата е целосно извршено и тоа 785.970 евра се платени од ИМАКО Штип, а остатокот од 683.341 евра се платени од Владислав Михаилович Втулкин. Документација за извршени плаќања од страна на лицето Владислав Михаилович Втулкин не е доставена на увид, додека според книговодствената евиденција на ИМАКО Штип вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000 евра." Понатаму во истиот овој наод и мислење на Бирото за судски вештачења на истата страна, а по однос фирмата ДЕЛЛА ТОФФОЛА стои: „ Во потврдата која е издадена од ДЕЛЛА ТОФФОЛА на 19.11.2007 година за Владислав Михаилович Втулкин е наведено дека со тој документ Делла Тоффола потврдува банкарски трансфери извршени од страна на Владислав Михаилович Втулкин во вкупен износ од 797.153 евра. Банкарски изводи за овие трансфери не се доставени на увид како би можело да се утврди дали навистина овие средства се исплатени кон Делла Тоффола."

Содржината на овие две потврди односно соопштението од ПИМ Бугарија од 11.04.2008 година и потврдата од Делла Тоффола од 19.11.2007 година била предмет на оцена по изјавената жалба од страна на туженият, сега предлагач, против пресудата на Основниот суд Штип П4-78/15 од 18.01.2016 година во смисла дека тужителот сега противник не вршел никакви уплати за набавка на опрема за дејноста со која се занимавале тужените. Меѓутоа видно од пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година и тоа страна 2 овие жалбени наводи се одбиени како неосновани. Тоа од причина што овие докази потврдувале дека тужителот во случајот противникот за тужените од кои сега еден е предлагач вршел уплата за набавка на опрема, а дека тие докази се вистинити односно можеле да послужат како доказ во предметот Апелациониот суд во Штип наведува дека произлегувало како од исказот на тужителот во случајов противникот даден во текот на постапката пред првостепениот суд така и од Извештајот за констатирана состојба изготвен во постапката за обезбедување на докази.

Од сето ова јасно произлегува дека во случајов не станува збор за никакви нови факти врз основа на кои може да се бара повторување на правосилно завршената постапка согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП, туку за различна оцена на истите писмени докази и тоа по однос исти факти: дали се вршени плаќања од тужителот кон наведените странски фирми за набавка на опрема за производство на вино или не.

Решителните факти дали тужителот вршел плаќања со свои сопствени средства спрема наведените странски фирми за опрема и машини за тужените од кои сега еден е предлагач се утврдени уште во постапката чие повторување се бара од што јасно произлегува дека не станува збор за нови факти иако самиот Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година е нов доказ бидејќи е доставен во недозволена фаза – жалбена постапка согласно чл. 341 ст.1 од ЗПП. Тоа што ова вештачење не било изготвено по барање на странките во постапката поради што и туженият односно сега предлагачот немал можност да го достави со одговорот со тужбата а согласно чл.235 од ЗПП односно дека овој доказ бил изготвен за потребите на кривичната постапка па туженият без своја вина не можел да го предложи односно изнесе пред судот пред заклучување на главната расправа нема никакво влијание врз предлогот за повторување на постапката во смисла на чл.392 ст.1 точка 9 од ЗПП затоа што како што е наведено и погоре новиот доказ како предмет на оцена ги има истите докази и

истите факти кои што претходно биле предмет на оцена и во погоре наведениот Извештај за констатирана состојба и во цитираното вештачење од вештото лице Јанка Димитрова која впрочем, видно од нејзиниот вешт наод и мислење извршила увид и во овој извештај за констатирана состојба со цел да се проверат наводите од истиот.

Противникот му укажува на судот дека првостепениот суд од една страна го одбил предлогот за повторување на постапката согласно чл.392 ст.1 т.5 од ЗПП бидејќи во текот на постапката предлагачот не доставил правосилна пресуда во кривична постапка или друг доказ со кој со сигурност се докажува дека Извештајот за констатирана состојба од Економско - правно биро Компанија Н.М. од 10.10.2013 година под бр. 247/13 е исправа во која е заверена невистинита содржина, а од друга страна го уважил предлогот за повторување на постапката согласно чл. 392 ст.1 т.9 од ЗПП затоа што се работело за нов доказ во кој што биле содржани нови факти, што едно со друго е контрадикторно од причина што станува збор за исти факти и исти докази.

Доколку Апелациониот суд Скопје го потврди првостепеното решение ќе направи преседан во судската пракса во смисла на тоа врз основа на „нов доказ“ кој е доставен во жабена постапка, а кој не содржи нови факти ќе дозволи повторување на постапката.

Противникот бара и трошоци по повод предлогот за повторување во постапката во вкупен износ од **679.808,00 денари**.

Скопје, 13.06.2024 година

Тужител:Владислав Михаилович Втулкин, преку полномошник Адвокат Ненад Јаниќевиќ

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ
Данило Д. Јаниќевиќ, адвокат
Ненад Д. Јаниќевиќ, адвокат
Бул.,,Кочо Рацин,, бр.38-1/5 Скопје
Тел.раб. 02/31 ...

Прилог: Доказ за платена судска такса за жалба

ТРОШКОВНИК:

1. За состав на одговор на предлог за повторување на постапка (основица од 18.000,00 денари, со зголемување од 100% за доверителот како странец +30% паушал +18% ддв) вкупен износ од ..... **55.224,00 денари**
2. За состав на жалба против Решение на Основниот суд во Штип ППОВ.бр.5/21од 21.10.2021 (основица од 18.000,00 денари со зголемување од 100% за доверителот како странец +30% паушал +18% ддв + зголемување за состав на жалба 50 %) вкупен износ од ..... **82.836,00 денари**
3. Такса за жалба..... **96.000,00 денари**
4. За присуство и застапување на 4 рочишта (основица од 18.000,00 + со зголемување од 100% за доверителот како странец +30% паушал + 20% часовнина +18% ДДВ или износ од 66.269,00 година за секое рочиште) или вкупен износ 4 рочишта Х 66.269,00 денари износ од ..... **265.076,00 денари**

5. За состав на одговор на жалба изјавена против Решение на Основниот суд во Штип ППОВ.бр.2/22 од 23.01.2023 (основица од 18.000,00 денари со зголемување од 100% за доверителот како странец +30% паушал +18% ддв + зголемување за состав на жалба 50 %) вкупен износ од ..... **82.836,00 денари**
6. Такса за одговор на жалба..... **3.000,00 денари**
7. За состав на жалба против Решение на Основниот суд во Штип ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година (основица од 18.000,00 денари со зголемување од 100% за доверителот како странец +30% паушал +18% ддв + зголемување за состав на жалба 50 %) вкупен износ од ..... **82.836,00 денари**
8. Такса за жалба..... **12.000,00 денари**

Вкупно: 679.808,00 денари